Д-р Јован КОРУБИН

# ТРАНЗИЦИЈАТА, КУЛТУРНИОТ ПЛУРАЛИЗАМ И ИНТЕЛЕКТУАЦИТЕ

Населувањето на Америка Томас Соуел ќе го означи како една од големите драми на човековата историја. За истото тоа општество тој денес ќе рече дека е општество на кохезија. Во овој момент сме сведоци на уште една таква драма на историјата која, овој пат, се одигрува на едни сосема други простори – просторите на еден систем кој, едноставно, го нема. Таа драма, единствена по многу нешто, нема свој пандан во историјата. Се нарекува транзиција, а просторите во кои се случува, земји на транзицијата. Тоа не се општества на кохезија. Тоа се општества на силно изразен процес на диференцијација – индивидуална, слојна, политичка, етничка, вредносна и културна воопшто. Во средиштето на таа драма, како во некој фантастичен филм се обликува ембрионот на еден нов вид на човек кој ние за нашите сегашни потреби ќе го наречеме **homo transitionis**.

Навистина, интересна некоја еволуција! Зашто, не станува збор за некаков предисториски преоден човек, туку за човек на преодот, на денешницата. Преодот кон плуралистичко општество. Чувствата на најголемиот дел на припадниците на овој вид на човек, барем нам така ни се чини, наликуваат по малку на чувствата што публицистот Ирвинг Кристол ги носел, како дете, триесеттите години на овој век шетајќи низ Њујорк. „Гледав околу себе, пишува тој, невработени луѓе кои залудно се обидуваа да најдат работа. Гледав добро опремени фабрики чии погони стојат. Гледав огромно богатство на национални ресурси кои не се користат. Гледав дека на населението му недостига она што инаку може да се произведе. Самиот себеси си го поставував прашањето: Зарем никој не може сето ова да го поврзе? Ваквата ситуација не е само трагична, туку е и глупа“.[1]

Ваквата, помалку апокалиптична слика создадена во една детска глава, секако не мора во сите детали да се однесува и на она што денес се случува во земјите на транзиција. Но, ако од неа за момент се отстранат патетиката, црните тонови, чувствата на трагичност и рационалност, тогаш во неа може да се види

претставена една спектрална реалност која за „херојот на нашето време", за нашиот homo transitionis се нарекува едноставно: реалност на плурализмот. Во нејзината перспектива можеби сѐ уште не толку јасно но, во секој случај видливо, се назира патеката кон она што може да се нарече: големиот предизвик на иднината.

Плурализам. Чуден и волшебен збор кој, на овие наши простори, прозвучува библиски: на почетокот беше збор. За веќе наведениот Ирвинг Кристол, пак, тоа е само будење на еден дел од човештвото од еден историски ноќен кошмар и соочување со светот на слободното претприемаштво. Свет кој, како што вели тој, денес не е толку исправен пред предизвикот на економијата и политиката, колку пред културниот предизвик. Пред предизвикот, би допрецизирале ние, на културниот плурализам.

Во таа смисла нашиот homo transitionis релативно брзо и без многу двоумење ги прифати економските и политичките промени. Тоа и не е толку чудно ако се имаат предвид законитостите на пазарната економија, нејзината логика која неминовно води кон еден процес на светско поврзување и унификација на моделот за развој. Неговото битие, меѓутоа, ја доживува својата најтешка мутација во својот културно-вредносен ген. Распаѓањето на монистичкиот културно-вредносен систем и создавањето, или поточно речено, избивањето на површината на културно-вредносниот плурален систем, задушуван со децении ја донесе реалната опасност од создавање на еден, по многу нешто, шизофреничен систем на вредности, систем кој барем за подолго време ќе мора да живее во состојба на културно-вредносен конфликт во себеси.

Таа транзиција на духот и не би била толку проблематична да не е во прашање еден посебен процес на делби и разделби кој политикологот Мајкл Волзер, се чини прилично добро, го нарекува – нов трибализам. Станува збор, имено за етно-културен плурализам кој во сегашните земји на транзицијата, избувна одненадеж со таква сила, што како што убаво се забележува, одново ја создава картата на тој дел од светот, со оглед на тоа што одделни нации се стремат кон создавање на нови држави или кон обновување на старите кои би ја одразувале нивната посебна култура. Останува спорно колку е тој трибализам нов на тие простори но, секако, не е спорно дека тој повторно станува

наша реалност и дека луѓето повторно „ги потврдуваат своите локални, етнички, верски и национални идентитети“ како што вели Волзер, при што додава: на сцената повторно стапија племињата...

Тој процес во својата основа може да се оцени како неминовен и позитивен. Изразувањето на сопствениот културен идентитет може само да го збогати светското културно милје и културните вредности воопшто. Затоа „современата крстоносна војна за различност“, како што би рекол веќе споменатиот Соуел, и не смее да биде нешто страшно доколку таа навистина не стане крстоносна и доколку не се претвори во војна во буквалната смисла на зборот. За жал историјата како да се повторува. „Племињата“, навистина, повторно стапија на сцената но не со „војна“ за афирмација на својот културен идентитет туку со војна за – територии. Новиот трибализам, во таквите случаи, се изродува во нов канибализам.

Може ли, при таквата состојба на нештата, да се зборува за културен плурализам и за општествена интеграција. За допир и проникнување на културите и размена на културни вредности. По се изгледа тоа ќе биде можно тогаш кога, како што се забележува од некои автори, ќе биде надминатата состојбата на размена на негативни видови на свест и културни творби, размена која го разорува ткивото на другите културни средини. Или, поинаку речено: тогаш кога ќе бидат завршени некои, од поодамна започнати процеси кои, поради овие или оние чисто политички и најчесто великодржавни интереси, биле закочувани, запирани на својот природен пат, задушувани со силата на репресијата, а кое нешто како своја последица го имало раѓањето на чувството на страв и загрозеност.

Прашањето, всушност, постои како такво поради тоа што одредени етно–култури, олицетворени во своите државни Левијатани, ја имаат постојаната тенденција да се наметнуваат над други етно–култури. Не е, всушност во прашање само етноцентризмот, туку и хегемонизмот, како политички така и културен. Запрени, и во периодот непосредно зад нас, тие процеси повторно избиваат на површината, разбивајќи ја идеолошката лушпа во која беа обвиткани. Тоа нешто многумина го споредуваат со отворањето на Пандорината кутија. Непосредното искуство со отворањето на таа кутија, меѓутоа, не става пред едно прашање:

не била и не е ли грешката на идеолошките богови што сите зла на светот настојувале секогаш да ги затворат во таа кутија. Каде е грешката на историјата: во тоа што ги создала сите зла или во тоа што ја создала кутијата? Или, да си го поставиме прашањето поинаку: нема ли, и најголемото добро ако го затворите во таа кутија да стане најголемо зло?

* * *

Оставајќи ги засега таквите дилеми настрана ќе се обидеме во нешто друго: да ги определиме во основни црти, без претензија дека сме сосема во право, основните фази на транзитивниот плуралнокултурен и етно–културен процес низ кој поминува, и ќе поминува и понатаму, нашиот homo transitionis.

Првата фаза која, можеме да речеме дека е зад нас, е фазата која ние ќе ја наречеме „ослободување од другиот". Тоа е фазата на дезинтеграција на плурално–културните заедништва настанати, главно на еден, по многу нешта, неприроден начин, со отсуство на демократски средства за решавање на различностите и почитувањето на волјата на другиот. Тоа е фаза на распаѓањето на некогаш, наизглед, сложното големо семејство при што секој негов член, по цена на конфронтација си го бара својот етно–културен нуклеус да му биде вратен назад.

Втората фаза е фаза на релативна изолација т.е. како што ние би ја нарекле фазата на „свртување кон себе". Нашиот homo transitionis веќе има длабоко зачекорено во неа. Тоа е периодот на болното обликување и преобикување на етно–културните ликови, време на институционализирање на сопствениот идентитет и време на освојување на првичните принципи на демократија од граѓански тип. Тоа свртување кон себе си, меѓутоа, не секогаш се прави на ист начин. Додека едни етно–културни целини се свртуваат кон оформувањето на својот идентитет во рамките на дадената плурална етно–културна конфигурација, други ги прават тоа на друг начин, не бирајќи средства, со обидот таа плурална етно–културна конфигурација да ја изменат. Формулите за таа измена се „сите во едно, по секоја цена" или „сите едно но без другиот". И во едниот и во другиот случај се работи за тенденции кои водат во самоизолација и кои работат на штета на сопствениот идентитет.

Третата фаза која, според историското искуство сепак претстои, е онаа што ќе ја наречеме „свртување кон другиот“. Таа е, всушност, последица на неможноста постојано да се живее во сопствената етно–културна лушпа, или како што би рекол Ричард Вајс, во куќичката на полжавот. Во природата на културните вредности е тие да се шират и разменуваат, зашто, во крајна линија тие се општоцивилизациски, особено ако се има предвид фактот дека денес, пред сѐ во економска и политичка смисла, не е можно сам да се живее. Дури и нашиот стар познаник Робинзон Крусо би рекол: Јас не бев сам! Со мене беа добродетелите и проклетствата на човековата култура кои со себе ги понесов!

Ваквата тријадична форма на транзициониот етно–културен процес кој на многу простори во светот е веќе поминат, а на нашите е во тек, не прави да се согласиме речиси во потполност со Мајкл Волзер кога вели дека единството (ние би рекле интеграцијата) е „историски наследник на одвојувањето“. Очигледно нема допир без одвоеност. Но, одвоеност која ќе не натера самите да го побараме тој допир.

Ваквите процеси на дезинтеграција можат, со оглед на законите на пазарната економија, да изгледаат, на прв поглед, противречни во однос на тие закони. Се чини, меѓутоа, дека токму тие ја следат логиката на таа економија: како што секој поединец во неа се стреми кон нешто свое, сопствено, приватно, така и етно–културните целини се стремат кон истото. Како што секој поединец откако ќе стекне, низ поделбата на трудот и пазарот, нешто свое па ќе побара тоа да го размени со другиот, така и етно–културните целини ќе го побараат оној другиот стремејќи се кон своевидна интеграција. Но, ќе подвлечеме: не врз основа на некаква идеја (како што, на пример, беше идејата за југословенството) туку само врз основа на рамноправна и слободна размена на еквиваленти во културата. Таквата размена, секако, ќе доведе и до соодветни процеси на акултурација, но акултурација во нејзиното позитивно значење.

Кон создавањето на граѓанско општество на овие транзициони простори, по сѐ изгледа, не ќе може да се помине доколку претходно не бидат поминати сите овие фази за кои зборувавме. Дури тогаш ќе може, веројатно, да се зборува за суштествување на една нова личност – плуралистичка личност која, како што би

рекол Мајкл Новак, никој не ќе може да ја натера во некој систем на етничка идентификација, доколку таа самата тоа не го сака.

* * *

Кога сме веќе кај плуралистичката личност едно прашање, кое и досега беше во фокусот на нашето внимание, не можеме да го избегнеме. Тоа е прашањето за функцијата на свесниот експонент на културата и културната различност – интелектуалецот. Во условите на транзицијата и транзитивните етно–културни промени и превирања неговата позиција бара од него не само одредена свесност за процесите што се одвиваат тука и за своето специфично место во нив.

Сејмор Мартин Липсет ќе рече дека улогата и функцијата на интелектуалците се состои едноставно во тоа што тие создаваат и шират култура. Жан Пол Сартр ќе го обележи интелектуалецот како „универзален мислител". Антонио Грамши, пак, ќе го смести него во рамките на онаа општествена група (аналогно на тоа можеме да речеме и онаа култура) која него го создала. За една конкретна ситуација на остро изразен етно–културен плурализам, ваквите погледи за функцијата на интелектуалец изгледаат помалку апстрактни. Поблиску до таквата ситуација можеби е Мајкл Новак кога вели дека идеалите на францускиот интелектуалец, на пример, не се исти со идеалите на британскиот. Во таа смисла и во тој контекст ќе го поставиме прашањето: може ли интелектуалецот во споменатите транзициони услови, да ја надмине партикуларноста на сопствената култура? Може ли тој да ја избегне ситуацијата и да стане еден современ плурално–културен Прометеј чија што функција ќе биде навистина иновативна и интегративна а не строго омеѓена од потесниот етно–културен простор?

Веќе самото поставување на ваквото прашање може кај некого да предизвика сосема одредени сомничави реакции затоа што упатува на постоењето на определени интелектуални состојби на духот кои тешко би се вклопиле во погоре изложените сфаќања за функцијата на интелектуалците. Тие состојби на духот, всушност во секој нивни вид се појавуваат како партикуларни, како недоразвиени и омеѓени. Тие не би биле толку значајни доколку нивните носители не оставаат, често, силен печат

на општата плурално-културна стварност во која живееме. Имено, на сите нив плурално-културната ствраност им пречи и не сакаат да ја прифатат како реалност на современиот свет, како одредена природна состојба на современиот човек.

Со сиот ризик што секој обид за извесни класификации го носи со себе ќе презентираме, сепак, неколку покарактеристични примери на негативен културен интелектуален образец од сегашното време.

Првиот пример е примерот на интелектуалецот како демагог. Тоа е всушност, оној истиот интелектуалец кој само до вчера беше креатор на културните вредности на времето што одмина, а денес е веќе креатор на новиот културно-вредносен систем. Користејќи ја својата камелеонска способност таквиот интелектуалец брзо се прилагодува кон постоечкиот културен амбиент со несмалени амбиции да биде и понатаму негов протагонист. Станува збор, фактички, за интелектуалец кој не поседува сопствен вредносно-културен корпус и етос.

Вториот пример е интелектуалецот месија. Тој се јавува како „инспиратор" на определени пошироки етно-културни раздвижувања истакнувајќи ја, притоа, својата „спасителска" улога. Културниот идентитет на неговата средина, најчесто го става во сопствена функција. На тој идентитет и на неговите вредности овој вид на интелектуалец, обично, им придава харизматски својства.

Третиот пример е примерот на интелектуалецот како традиционалист. Тој, по правило, е свртен кон вредностите на традицијата која, според него е загрозена од напливот на новите современи вредности, па оттука тие традиционални вредности треба да се реафирмираат. Интелектуалецот традиционалист е приврзеник на културната затвореност и веќе сам за себе претставува анахронизам.

И, најпосле, четвртиот пример е примерот на интелектуалецот етноцентрист кој не може да излезе од орбитата на културните вредности на сопствениот ембрион, прогласувајќи ги истовремено културните вредности на другиот за опасност за тој национ. За таквиот интелектуалец плурализмот на културите не би требало да се дозволи.

Сите наведени примери се, всушност, примери за поединци кои не успеале, како што ќе забележи еден автор, доволно да ја развијат својата личност и кои чувствуваат сѐ уште потреба од

некоја надиндивидуална сила која идејно, интелектуално и морално би ги зацврстувала.

Сите овие примери на состојбата на духот не ги наведуваме за да ја покажеме „бедата на интелектуалците", туку за да посочиме на фактот дека ни тие не се имуни на процесите што се одвиваат и дека Мајнхајм, сепак, не е сосема во право кога смета дека интелектуалците се оние кои се единствено способни да се ориентираат во целината на општествените односи и да го сфатат нивниот тоталитет. Задачата на интелектуалецот, според нас, е да се обиде секоја посебна култура да ја разбере одвнатре, да ги открие нејзините значења и да го издвои она што заедничкото што спојува, а јасно да укаже на она што раздвојува, што води во конфликт. Или како што антропологот Клифорд Гирц, зборувајќи за новата улога на антрополозите ќе порача дека таа се состои „во проширување на можностите за разбирлив дијалог меѓу луѓето кои меѓусебно многу се разликуваат во поглед на интересите, перспективите, богатството и моќта, а живеат нафрлани во бескраен спој, во свет во кој е сé потешко да му се тргнеш еден на друг од патот".

Впрочем, натпреварувањето во областа на културата, да го наведеме уште еднаш Томас Соуел, не е борба на живот и смрт, туку она што го движи човечкиот род. А ние ќе потсетиме: уште многу поодамна пред Соуел нешто слично изрече и еден ум од овие наши македонски простори, Гоце Делчев – Јас го разбирам светот само како поле на културен натпревар меѓу народите!

## Литература:


1. Walzer Michael, Novi tribalizam, "Pregled" 262/1993, Ambasada SAD, Belgrad
2. Geertz Clifford, Biti tamo - pisati ovde, "Pregled" 247/1989, Ambasada SAD, Belgrad
3. Đokić Radoslav, Prožimanje kultura, izd. Univerzitet umetnosti, Belgrad, 1976
4. Kale Eduard, Uvod u znanost o kulturi, izd. "Školska knjiga", Zagreb, 1977
5. Корубин д-р Јован, Живиот песок: интелигенцијата, изд. „Просвета", Куманово, 1994
6. Kristol Irving, Kapitalizam i kultura, "Pregled" 262/1993, Ambasada SAD, Belgrad
7. Novak Michael, Pluralistička ličnost, "Pregled" 220/1982-83, Ambasada SAD, Belgrad
8. Sowel Thomas, Mozaik američkog društva, "Pregled" 220/1982-83, Ambasada SAD, Belgrad

**Dr. Jovan Korubin**

## *Transition, Cultural Pluralism and the Intellectuals*

*Summary*

*A dominant characteristic of any "society in transition" is the process of differentiation i.e. differentiation of individuals, values, differentiation in strata or political, ethnic and cultural differentiation. This process undergoes three principal phases: the phase of disintegration of cultural and pluralistic communities established during the previous period ("liberation from the others"), the phase of reshaping of the ethno-cultural identities ("turning to yourself") and the phase of new ethno-cultural integrations ("turning to the others"). Such a process is characterized by certain moods of the spirit which create several "negative" types of intellectuals: an intellectual-demagogue, an intellectual-deliverer, an intellectual-traditionalist, and an intellectual-ethnocentrist. In such conditions, the task of the intellectuals is to try to understand any culture from its inside, to read its meaning and to isolate what is common and uniting, and what leads to disintegration and conflicts.*